Арх. знак 0202
Рок на чување ____
31.10 2019 год.
Потпис,

СТОМАТОЛОШКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА
MACEDONIAN DENTAL CHAMBER

ул. Антон Попов бр. 1-4/5 Скопје
(02) 3246 851/852 skm@skm

Бр. 02-889/17
31.10.2019 година

# ИЗВЕШТАЈ

од **осмата седница** на Извршниот одбор на СКМ одржана **на ден 09.07.2019 година** во просториите на Стоматолошка комора на Македонија

На осмата седница на Извршниот одбор на СКМ, присустуваа сите членови, освен Др. Малешевски Димитар, оправдано отсутен, а присуствуваше и претседателот на Надзорниот одбор на СКМ д-р Ѓорѓи Топузоски.

Седницата започна во 13.30 часот, а истата ја отвори претседателот на Извршниот одбор на СКМ д-р Мирлинд Селими со читање на предлог-дневниот ред.

По читањето на предлог дневниот ред, збор побара Претседателот на комората д-р Маријан Денковски кој даде два предлога и тоа:

-**првиот**, во дневниот ред, по точка 1 да се додаде нова точка 2 – Тековни активности на комората и барања до комората

-**вториот**, седницата и дневниот ред поради неговата обемност од 10 точки, да се поделат во два дела, односно денеска да се расправа од точка 1 до точка 6, а на продолжението на оваа осма седница да се расправа од точка 6 до точка 10.

По ова, вака предложениот дневен ред, беше ставен на гласање, при што истиот беше едногласно усвоен и стана **дневен ред** со следните точки:

**1.Усвојување на записник од 7-та седница на Извршен одбор одржана на ден 28.03.2019 г.**

**2. Тековни активности на комората**

**3.Информација за работењето на стручната служба на комората и разгледување и усвојување на предлог Правилник за плата, надоместоци на плата, наградување и санкционирање на стручна служба на СКМ**

**4. Разгледување и усвојување на предог Ценовник за стручен надзор по потреба на СКМ**

**5. Информации за активности на комората со институции на Република северна Македонија(Министерство за здравство, ФЗОРСМ, Агенција за заштита на лични податоци, АВРМ, МАЛМЕД, Управен суд, Уставен суд)**

**6.Информации за активности на кмората околу КСУ**

**7. Разгледување и усвојување на предлог Деловник за работа на регионалните одбори на СКМ**

**8. Информација и разгледување на нацрт предлог на Закон за стоматолошка дејност**

**9. Разгледување и усвојување на предлог активности на органи и тела на комората**

**10.Разно**

По усвојувањето на дневниот ред, се премина кон разгледување на секоја од точките на дневниот ред.

**1. Усвојување на записник од 7-та седница на Извршен одбор одржана на ден 28.03.2019 година**, кој членовите на ИО на СКМ едногласно го усвоија без забелешки.

**2. Тековни активности на комората и барања до комората.**

Во однос на оваа точка од дневниот ред, збор зеде Претседателот на комората д-р Маријан Денковски, кој појасни дека тука ќе стане збор за неколку точки и тоа:

**1.** Конкурс за наградa за најдобри студенти
**2.** Финансиска помош на летен камп при Универзитетот ,,Гоце Делчев"-Штип
**3.** Барање доставено од Зоран Стоименовски
**4.** КИБС
**5.** Финансиска помош по основ на породување на членовите на комората и вработените во стручната служба на комората
**6.** Зголемување на надоместот од 700,оо денари на 1.000,оо денари на членовите на комората кога членуваат во органи и тела на комората
**7.**Продолжување на договор за адвокатски услуги
**8.** Свесна седација

Во однос на **првата точка -1. Конкурс за награда за најдобри студенти,** појасни дека Стоматолошката комора на Македонија продолжува со традицијата да ги наградува најдобрите студенти на државните универзитети во Република Северна Македонија и појасни дека на повик на комората секој од универзитетите пријавил свој најдобар студент.

Од државните универзитети, исклучок претставува само Европскиот универзитет, бидејќи на конкурсот кој бил објавен во 2018г. за најдобар студент за 2017г., универзитетот наместо најдобриот студент за 2017г. го пријавил студентот кој бил најдобар за 2018г. и веќе од страна на комората доделена е награда и пофалница на д-р Вјолца Целадини Селими за најдобар студент за 2018г. од Европскиот универзитет.

Наградата од стоматолошката комора ќе се состои во тоа да студентот нема обврска да го плати стучниот-државниот испит, односно доколку веќе платиле парите ќе им бидат вратени и ќе им биде доделена пофалница од Комисијата за награди на Стоматолошката комора на Македонија.

По ова ИО на СКМ едногласно ја донесе следната

## О Д Л У К А

**за наградување на најдобрите студенти за 2018г. кои се стекнале со ДИПЛОМА доктор по стоматологија или доктор по дентална медицина на државните високо образовни институции (стоматолошки факултет или факултети за медицински науки-студиска програма по стоматологија) во Република Северна Македонија**

---

По однос на **втората точка - 2. Финансиска помош на летен камп при Универзитетот ,,Гоце Делчев"-Штип,** Претседателот на комората појасни дека и претходно извршниот одбор одобрувал финансиска помош на вакви летни кампови и дека финансиската помош би била дадена на начин што би се платиле пристигнаите фактури за печатени материјали за потребите на летниот камп.

По ова ИО на СКМ едногласно ја донесе следната

**ОДЛУКА**

**за финансиска помош на летен камп организиран од Универзитетот ,,Гоце Делчев,, Штип**

---

По однос на **третата точка - 3. Барање доставено од Зоран Стоименовски,** претседателот на Комората појасни дека и претходно од друг апликант имало вакво барање (Добрина Савиќ), но како и тогаш и сега предлага да се постапи согласно одредбите од Законот за здравствена заштита и тоа член 121 кој детално ја регулира оваа ситуација.

По ова ИО на СКМ едногласно ја донесе следната

**ОДЛУКА**

**не се одобрува МОЛБАТА на ЗОРАН СТОИМЕНОВСКИ**

---

По однос на **четвртата точка - 4. КИБС**, Претседателот на комората даде информација до каде е ситуацијата со дигиталните сертификатаи и моментално бројката се движи од 300 до 350 сертификати.

---

По однос на **петата точка – 5. Финансиска помош по основ на породување на членовите на комората и вработените во стручната служба на комората,** претседателот на Комората појасни дека комората располага со средства од кои би можело да се исплати една ваква симболична финансиска помош на породените докторки на стоматологија како членови на комората и на вработените во стручната служба, и дека тоа воедно би преставувал хуман гест од страна на комората во моментот кога на свет доаѓа нов живот и материјалните потреби се зголемуваат.

По кратка дискусија околу тоа, какви се услови треба да бидат исполнети и кои документи треба да бидат приложени, ИО на СКМ едногласно донесе две одлуки и тоа

**ОДЛУКА**

**се одобрува финансиска помош по основ породување во износ од 7.200,оо денари за докторите на стоматологија членови на Стоматолошката комора на Македонија**

**ОДЛУКА**

**се одобрува финансиска помош по основ породување во износ од 7.200,оо денари за вработените во Стручната служба на СКМ или нивен брачен другар**

---

По однос на **шестата точка – 6. Зголемување на надоместот од 700,оо денари на 1.000,оо денари на членовите на комората кога членуваат во органи и тела на комората,** претседателот на комората појасни дека и претходно, со Одлука бр.02-887/6 од 16.07.2018г. е извршено зголемување од 700,оо денари на 1.000,оо денари, **но само за делегатите на Собрание**, но смета дека треба да постои изедначување и на другите членови на комората кога членуваат во органи и тела, освен за оние каде веќе е предвиден и поголем износ од 1.000,оо денари поради тежината и спецификата на дејствијата кои се превземаат во одреден орган или тело- комисија на комората.

По кратка дискусија ИО на СКМ едногласно ја донесе следнава

## О Д Л У К А

**Член 1**

Се определува **надомест** во износ од **1.000,оо денари** на членовите на:
- **Надзорен одбор**
- **Суд на честа**
- **Обвинител и бранители**
- **Комисиите на комората** (постојаните комисии и поврмените комисии), **освен за**:

*Комисиите за полагање стручен испит чиј надомест ќе биде согласно:
Одлука бр.02-713/8 од 16.04.2014г. за испитувачите и
Одлука бр.02-887/7 од 16.07.2018г. за претседателите на комисиите и
*Комисијата за редовен стручен надзор чиј надомест ќе биде согласно:
Одлука бр.02-1292/2 од 07.12.2018г.
*Комисија за спроведување на анализа и дополнување на испитна база за спроведување на стручниот испит на дипломираните доктори чиј надомест ќе биде согласно:
Одлука бр.02-135/1 од 06.02.2019г.

-**секој член на Комората**, вклучително и **членовите на органите на Комората**, кога како претставници на Комората учествуваат на **работни состаноци** заради остварување на целите и задачите на Комората, предвидени во член 9 и 10 од Статутот на Комората.

**Член 2**

Исплатата на надоместот, пресметката и исплатата на персоналниот данок на доход и другите даноци согласно позитивните законски прописи на РСМ за сметка на Комората, ќе ја извршува агенција за авторски права по претходно склучен договор и доставена фактура од нејзина страна кон Комората, а за сметка на извршителите од чл.1 на оваа одлука.

**Член 3**

Одлуката стапува на сила со денот на нејзиното донесување.

---

По однос на **седмата точка - 7.** Продолжување на договор за адвокатски услуги, претседателот на комората појасни дека е потребно да се продолжи склучениот договор со адвокатското друштво, од причина што континуирано се јавува потреба од адвокат и адвокатски услуги, заради превземање на дејствија пред надлежните органи, како управен суд, уставен суд, давање на правни мислења и сл., а особено што правникот Ана Бошковиќ

ќе оди на трудничко боледување, па комората повторно ќе остане само со еден правник, а обемот на правна рабаота е прилично голем или најголем.

По кратка дискусија ИО на СКМ едногласно ја донесе следнава

**О Д Л У К А**

**да се потпише Анекс бр.1 на Договор бр.03-854/1 од 23.07.2018г. за адвокатски и правно-консултантски услуги, склучен со Адвокатско друштво РИСТОВСКА&ВУЈИЌ**

---

По однос на **осмата точка - 8. Свесна седација**, Претседателот на комората Др. Маријан Денковски ги извести сите присутни дека бил поканет на ТВ 24 да разговара за примената на истата во стоматологијата, по што се разви дискусија, дека свесната седација може да биде инхалациона и интравенска (со анестезиолог) и дека би требало да влезе во општа стоматологија, каде општиот стоматолог со сестра ќе ја применува.

По ова, се заклучи дека е потребно да се формира работна група, со 2 иницијатори и 2 члена од извршен одбор, од кои едниот да биде Др. Фисник Касапи и претседателот на комората Др.Маријан Денковски.

---

**3. Информација за работењето на стручната служба на комората и разгледување и усвојување на предлог Правилник за плата, надоместоци на плата, наградување и санкционирање на стручна служба на СКМ**

Во однос на оваа точка од дневниот ред, Претседателот на комората појасни дека, за добро функционирање на Стручната служба, потребно е ваков правилник, особено заради подобро менаџирање на вработени од страна на самиот Претседател на комората.

Тој укажа дека оваа верзија на правилникот во иднина треба и подобро и подетално да се доуреди, но засега е добро да постои и во ваква верзија, со дополнување дека во оваа верзија сега може да се сместат уште само подетални одредби во врска со прашањето на годишен одмор на вработените.

По овоа ИО на СКМ едногласно ја донесе следната

**О Д Л У К А**

**за Правилник за плата, надоместоци на плата, наградување и санкционирање на Стручната служба на Стоматолошката комора на Македонија**

---

**4. Разгледување и усвојување на предог Ценовник за стручен надзор по потреба на СКМ**

По оваа точка на дневниот ред најнапред збор зеде Претседателот на комората д-р Маријан Денковски кој појасни пред членовите на извршниот одбор дека е зголемен бројот на барања кои пристигнуваат до комората.

Дека за да се разгледаат истите се формираат комисии, кое нешто предизвикува трошоци, бидејќи секое членување во комисиите повлекува да на тој член му бидат исплатени трошоци, а честопати самата постапка не завршува со тоа дека кај докторите кај кои се прави надзорот се наоѓаат стручни грешки, па оттаму комората и нема од каде да ги поврати направените трошоци.

Поради тоа предлага да се воведе плаќање на трошоци од страна на самиот Барател на надзорот, и тоа на начин што најнапред барателот би платил одредена сума за разгледување на самото барање, за да се утврди дали навистина има потреба од бараниот стручен надзор и потоа, доколку навистина се утврди потребата од надзор, по завршување на целата постапка, пред изготвување на Извештајот од надзорот, барателот да го плати остатокот од износот.

По ова за збор се јави Д-р Кенан Ферати кој побара износот што треба да го плати барателот на надзорот да биде 15.000,оо денари и тоа на самиот почеток, а потоа да плати и поголем износ зависно од големината на Извештајот кој треба да се изработи.

По ова се разви дискусија помеѓу членовите на ИО, по што беше донесена

## ОДЛУКА

## за плаќање при покренување постапка за стручен надзор по потреба

---

**5. Информации за активности на комората со институции на Република Северна Македонија и тоа:**

**1.** Министерство за здравство;
**2.** ФЗОРСМ;
**3.** Агенција за заштита на лични податоци;
**4.** АВРМ;
**5.** МАЛМЕД;
**6.** Управен суд;
**7.** Уставен суд;
**8.** Народен правобранител;

Во однос на активностите со **Министерство за здравство**, претседателот на комората д-р Маријан Денковски презентираше дека во Министерството за здравство бил одржан работен состанок со претставници на министерството и тоа со: Ангелина Бачановиќ, Анка Ѓорѓиевска и Дејан Николовски, при што како централно прашање бил разгледуван Нацрт Законот за стоматолошка дејност и дека по дадени извесни сугестии од нивна страна, истите се имплементирани во нацрт верзијата, која веќе по имеил е доставена до сите членови на извршниот одбор, на собранието и претседателите на регионалните одбори, како би можеле сите членови на комората да дадат свои сугестии за еден добар закон во интерес на стоматолошката дејност.

Во однос на активностите со **ФЗОРСМ,** претседателот на комората д-р Маријан Денковски информираше дека на ден **ден 11.07.2019г. во просториите на ФЗО**, се одржа трилатерална средба – работен состанок помѓу СКМ, Министерството за здравство и ФЗОРСМ, на која беа разгледувани актуелни прашања во врска со стоматолошката дејност и проблеми со кои се соочуваат докторите на стоматологија.

На работниот состанок присуствуваа:

1. ФЗОРСМ - **Јасмина Смилева и**
   **- Секкор контрола на ФЗОРСМ Вера**
2. Министерство за Здравство на РСМ
   - **Анка Ѓорѓиевска, Раководител на правна служба**
   - **Дејан Николовски и**
   - **представници од Сектор за нормативно - правни и управни работи**
3. Стоматолошка комора на Македонија
   - **Маријан Денковски, Претседател**
   - **Коста Изов,**
   - **Менде Диневски и**
   - **Александра Малева, правник**

Како прашања за кои се дискутираше на оваа трилатерална средба се прашањата за:

**1. Плаќање на партиципација од страна на крводарителите во здравствените установи кои обавуваат дејност примарна стоматологија**, имајќи ги во предвид одредбите од Закон за здравствено осигурување и Програмата за организирање и унапредување на крводарителство во Република Македонија на Министерство за здравство за 2019 година, односно **дали крводарителите се oслободени или не од плаќање на партиципација за дадени стоматолошки услуги во примарна стоматологија.**

**2.** Разгледување на законски одредби околу можноста:

- сите носители на **лиценци за специјлаистичка стоматолошка дејност** од протетика, ортодонција и орална хирургија **да може да си ги остваруваат своите права без дискриминација** исто како носителите на **лиценци за специјлистичка стоматолошка дејност од детска стоматологија, болести на заби и ендодонт и болести на уста и пародонт**, при склучување на договори со ФЗОРСМ за општа стоматологија

**3.** Разгледување на законски одредби околу можноста:

- сите носители на **лиценци за специјалистичка стоматолошка дејност** од протетика, ортодонција и орална хирургија **да може да работат без дискриминација** во случај кога, имаат склучен **договор со ФЗОРСМ за општа стоматологија**, а истовремено да можат да ги остваруваат и своите права и обврски како специјалисти **вон мрежа** на здравствени услуги, почитувајќи ја листата на дозволени услуги кои за нивна специјалност ги има пропишано миистерство за здрваство.

**4.** Разгледување на законски одредби околу можноста за:

- **изедначување** на **стоматолошките здравствени установи** со другите здравствени установи од општа медицина и фармација, во **руралните подрачја,** согласно Правилниците и Одлуките кои ја третираат здравствената заштита во овие подрачја

**5.** Разгледување на законски одредби околу можноста за:

- изедначување на **стоматолошките здравствени установи** со **другите здравствени установи од општа медицина** при прво отварање и стекнување на право на субвенција

Како резултат на средбата, СКМ и писмено ќе се обрати до Министерството за здравство, бидејќи се дојде до заклучок дека тоа, сепак е надлежно за решавање на повеќето прашања.

Во однос на активностите со **Агенција за заштита на лични податоци,** Претседателот на комората истакна дека е остварен состанок во насока да може оваа агенција да даде дозвола на Агенцијата за вработување на РСМ за давање на податоци во врска со вработувањата на членовите на комората, а се со цел заради уредување на податоците во Регистарот на комората.

Во оваа насока, Претседателот на комората д-р Маријан Денковски информираше дека бил одржан и работен состанок со директорката на **Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија** (АВРМ) која појаснила дека податоците од агенцијата може да бидат дадени само на работникот или на работодавачот, а доколку добијат било каква дозвола од Агенцијата за заштита на личните податоци, истите ќе ги проследат и до комората.

Во однос на **МАЛМЕД,** Претседателот на комората д-р Маријан Денковски информираше дека и покрај многубројните обиди да се оствари работен состанок со директорот на оваа државна иституција за лекови, сепак до состанок не дошло.

Во однос на **Управен суд,** Претседателот на комората д-р Маријан Денковски информираше дека:

**1.** Пристигната е првостепена пресуда во корист на комората, односно усвоена е нејзината тужба против Решението за прекршок и казна изречени од Комисијата за заштита на конкуренцијата, а во врска со **ценовникот за минимални цени на стоматолошките услуги.**
На предметната пресуда, комисијата како тужена страна има право на жалба до Вишиот управен суд и веќе има поднесено, а комората ќе поднесе одговор на жалба.

**2.** Пристигната е тужба од ЗПЗСУ од Кавадарци, на која Комората преку адвокатскот друштво со кое има потпишано договор за деловна соработка, ќе достави навремен одговор на тужба.

Во однос на **Уставен суд,** Претседателот на комората д-р Маријан Денковски информираше дека Др.Милан Камчев од Кавадарци преку својот адвокат на ден 16.05.2019г. ја повлекол Иницијативата за оценување на уставноста и законитоста на одредбите од Статутот и Правилникот на Стоматолошката комора Македонија, која била поднесена пред Уставниот суд.

Во оваа насока, Претседателот на комората д-р Маријан Денковски информираше дека од страна на пратеникот Бетадине Китев од Кавадарци е поставено и **пратеничко прашање,** во истиот контекст како и прашањата опфатени со иницијативате поднесена па повлечена пред Уставниот суд, за кое нешто закажан е состанок со другите две комори Лекарската и Фармацевстката комора, имајќи во предвид дека сега се поставува прашањето за делување на коморите во множина.

Во однос на **Народниот правобранител,** Претседателот на комората д-р Маријан Денковски информираше дека стигнато е барање објаснување, информации и докази во врска со претставка поднесена од Дафина Богеска од Прилеп, за што комората има доставено навремено одговор со сите потребни докази.

По исцрпувањето на точките од дневниот ред кои беа предвидени за денешната седница и поради протек на предвиденото работно време, седницата ја затвори претседателот на ИО на СКМ, д-р Мирлинд Селими во 16.00 часот и **закажа продолжение на осмата седница за 17.07.2019г.** во **13:30 часот.**

Претседател на Извршен одбор на СКМ
**Д-р Мирлинд Селими**

Стоматолошка комора на Македонија * СКОПЈЕ *